ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-3542/15
01.08 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 10 и член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21,99/22 и 208/24), Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за вработување на административен службеник**
**за работно место Советник за нормативни работи**

1.За извршител за работно Советник за нормативни работи во Одделение за нормативно – правни работи во Сектор за правни и организациони работи во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје се избира кадидатот **Александра Спировска**.

2.Именуваната ќе биде биде вработена на работно место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас Бр.640/2025, формирана со Решение на директорот на Агенцијата за админстрација со архивски број 10-1450/5 од 08.07.2025 година, во функција за спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, а по огласот за вработување на административни службеници објавен ден 28.06.2025 година во дневните весници "Вечер", „Слободен печат" и „Коха, по спроведената административна селекција на 17.07.2025 година во 09:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација и спроведениот испит за административен службеник на ден 31.08.2025 година, на ден 01.08.2025 година спроведе постапка за веродостојноста на доказите и интервју за наведеното работно место.
По спроведената постапка за веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата изготви Конечна ранг - листа и Предлог за избор на кандидат за вработување на работно место Советник за нормативни работи во Одделение за нормативно – правни работи во Сектор за правни и организациони работи. Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот.
**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје
м-р Горан Герасимовски

Доставено до:
- Избраниот кандидат;
- Сектор со човечки ресурси;
- Агенција за администрација и Архива